Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 02-11-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 6293 | 1 | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **вонреден**

**2. Субјекти на надзорот:** Друштво за промет, производство и услуги ФИБЕРНЕТВОРКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје - аналоген пакет

**3. Датум на извршување на надзорот:** 30.10.2015 година.

**4. Предмет на надзорот:**

- Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот врши реемитување на програмски сервиси без издадена потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

**5. Претходно изречена мерка:**

5.1. Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-548 од 10.03.2015 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор на бр.11-1708/1 од 05.03.2015 година.

Решението е уредно примено на 12.03.2015 година.

**6. Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за промет, производство и услуги ФИБЕРНЕТВОРКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје - аналоген пакет е констатирано прекршување на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**7. Констатации од надзорот:**

Со надзорот беше констатирано дека овој оператор на подрачјето на с.Стајковци, Скопје во својот аналоген пакет го реемитува програмскиот сервис High One HD, кој што

не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услуги.

**8. Предлог мерка:**

Поради тоа што операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за промет, производство и услуги ФИБЕРНЕТВОРКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје продолжува со вршење на истата повреда на Законот за која е опоменет Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**